# Записник од 74 -та седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК)

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Место на одржување** | Агенција за електронски комуникации | | |
| **Датум** | 22.12.2023 година | **Време** | 14.00 – 16.00 часот |
| **Бр. на седница** | 74-та седница | | |
| **Состанокот го води** | Димитар Буковалов, претседател на НКБК | | |
| **Учесници** | **Поканети:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>5. Славица Настеска – член на НКБК<br>6. Лавдрим Елмази – член на НКБК<br>7. Блерта Превала Етеми– член на НКБК | **Присутни:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>3. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>4. Славица Настеска – член на НКБК<br>5. Лавдрим Елмази – член на НКБК<br>6. Блерта Превала Етеми– член на НКБК | |
| **Други присутни на состанокот** | Сашо Стојковски (Телеком), Зоран Мурџев (Телеком), Благој Стојанов (независен експерт), Томе Јовановски (ГДи) | | |
| **Логистичка поддршка** | Владимир Соколов, Букурије Јашари Мемети | | |

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на предлог Записникот од седницата на НКБК одржана на 28.11.2023 година;
2. Прогрес во подготовка на Студијата за изводливост на Националната транспортна оптичка мрежа (НТОМ) од страна на консултантската куќа;
3. Разно

**Тек на седницата**

Претседателот на НКБК, Димитар Буковалов, ја отвори 74-та редовна седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК), при што утврди дека се присутни шест членови на НКБК, со што телото може полноважно да одлучува. Дневниот ред беше усвоен едногласно од сите присутни членови.

На седницата присуствуваа надворешни експерти и претставници од ГДи (компанија која ги одржува ГИС платформите во АЕК).

**За првата точка од дневниот ред,**

Во рамките на првата точка, членовите на НКБК едногласно го усвоија записникот од 73-та седница, одржана на 28.11.2023 година.

**За втората точка од дневниот ред,**

Во рамките на втората точка, претседателот на телото, Димитар Буковалов истакна дека консултантите задолжени за подготовка на Студијата за изводливост имаат забелешки околу пристапот како и околу содржината на податоците достапни на ЕТИ системот и Системот за поддршка на имплементацијата на Националниот Оперативен бродбенд план (НОБП), како ГИС платформи воспоставени во Агенцијата за електронски комуникации за телекомуникациска инфраструктура. Во таа насока консултантите доставиле низа прашања до Министерството.

На состанокот беа поканети претставници од компанијата ГДи која го одржува ГИС системот во АЕК, и тие изнесоа свои коментари во врска со комплетноста и достапноста на податоци во ЕТИ и во Системот за поддршка на имплементацијата на НОБП.

Претставниците од ГДи информираа дека е точно дека во ЕТИ не е внесена комплетната телекомуникациска инфраструктура од сите оператори, а за дел од телекомуникациската инфраструктура која е во системот недостасуваат информации за вкупен и искористен капацитет. Оваа информација е позната од поодамна и истата била споделена со консултантската куќа на еден од состаноците со НКБК веднаш по потпишување на Договорот.

Исто така претставниците од ГДи изнесоа дека во извештаите за бели, сиви и црни зони кои може да се експортираат од Системот за НОБП не постои единствен ИД број на пописен круг, но тој податок не е релевантен за анализата, од причина што границите на зоните не ги следат границите на пописните кругови, а за анализата е важен бројот на домаќинства во белите, сивите и црните зони. Претставниците од компанијата изразија подготвеност да разговараат со консултантската куќа на оваа тема и да го објаснат концептот на утврдување на зоните.

Во однос на информацијата дека во одреден период табелите со податоци за зоните биле празни и истите биле повторно наполнети на 27.11.2023 год, претставниците од ГДи информираа дека од моментот на овозможување пристап за консултантите по барање од АЕК (07.11.2023) до 27.11.2023 тие немале пријава дека има проблем со достапноста на податоците од НОБП, а самите не се поврзувале на системот за да ја проверуваат неговата функционалност. Оставаат можност во одреден период содржините од НОБП да не биле достапни поради паднати сервиси. По добиеното известување, од страна на ГДи е направен рестарт на сите сервиси, утврдена е функционалноста на системот и истиот ден е пратена повратна информација до консултантската куќа. Датумот 27.11.2023 кој се појавува во извештаите за зоните е датум кога зоните се рекреирани од страна на ГДи во постапка на тестирање на функционалноста на системот пред најавената обука по барање на консултантската куќа. Постарите верзии на податоците се чуваат во историски табели кои се дел од истиот систем.

Дополнително, претставникот од ГДи информираше дека на барање на консултантската куќа, ГДи одржала две онлине обуки за користење на ГИС платформата на АЕК, и тоа, на 04.12.2023 обука за користење на Системот за поддршка на имплементацијата на НОБП и на 13.12.2023 обука за користење на ЕТИ.

Во врска со степенот на ажурираност на податоците во ЕТИ системот, присутните на состанокот се согласија дека е потребно операторите подоследно да ги ажурираат податоците за новоизградена инфраструктура, како во катастарот, така и во ЕТИ системот. На тоа се надоврза Боро Јакимовски информирајќи дека е во фаза јавната расправа околу новата ИКТ стратегија и дека операторите можат да предложат решенија за поедноставно запишување на новоизградената инфраструктура.

**За третата точка од дневниот ред,**

Во рамките на точката „Разно“, Буковалов информираше околу подготовката на Нацрт Законот за безбедност на мрежни и информациски системи, како и околу планираниот нов Закон за електронски комуникации. Тој кажа дека за Законот за електронски комуникации се планира вклучување на нови членови во работната група кои ќе работат на имплементација на RED (Radio Equipment Directive) директивата, како и околу усогласување со Законот за градење.

[redacted]

Записникот го водеше заменик претседателот на НКБК

Анастас Мишев ____________________